Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 02.07.2020

На 01.07.2020 во 22.35 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Виа Игнација" го лишиле од слобода Р.Ј.(37) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2020 во 21.00 часот во полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Втора македонска бригада", при извршен преглед на патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.И.(23), во кое биле сопатници Ш.З.(18) и уште две лица на возраст од 16 и 17 години, сите од Скопје, бил пронајден пиштол „Екол алп", калибар 9мм ПАК, со празна рамка и два ножа. Тие се приведени и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.07.2020 во 17.58 часот во СВР Тетово, Р.М.(38) од Тетово пријавила дека на ул.„Љуботенска" во Тетово, со патничко возило „мерцедес", со непознати регистарски ознаки дошле Н.Б.(31) и А.Б.(38), двајцата од с.Лавци, тетовско, и по кратка расправија со нејзиниот сопруг Ш.М.(40) од Тетово, испукале неколку куршуми кон него, по што го напуштиле местото на настанот. Ш.М. бил пренесен во Клиничкиот центар Тетово, каде му била констатирана тешка телесна повреда. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово, при што се пронајдени и подигнати три чаури и еден проектил од автоматска пушка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2020 во 19.10 часот било пријавено дека на регионалниот пат Ресен – с.Царев Двор, поточно кај место викано „Рибник", моторцикл „томос", со охридски регистарски ознаки, управуван од А.В.(74) од Ресен, паднал на коловозот. Во незгодата, моторциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничкиот центар во Битола, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Ресен.

На 01.07.2020 во 09.15 часот било пријавено дека во Радовиш на бул. „Александар Македонски", патничко возило „фолксваген голф", со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(59) од с.Лакавица, удрило во пешаците П.Б.(69) и 10-годишно девојче, двете од Радовиш. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобило девојчето, а со телесни повреди се здобила П.Б., констатирани во ЈЗУ-Радовиш, каде биле пренесени за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

На 01.07.2020 во 06.50 часот било пријавено дека во Велес, на крстосницата од ул.„Благој Горев" и ул.„Лу Пастер", се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „мерцедес", со велешки регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(51) од Чашка и мопед „томос", со велешки регистарски ознаки, управуван од И.К.(56) од с.Башино Село, велешко. По незгодата возачот на мопедот бил пренесен во Општата болница Велес за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на незгодата од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Велес.

На 01.07.2020 во 12.30 часот во СВР Куманово од Итната медицинска помош Куманово било пријавено дека во Куманово, на ул.„Мирче Ацев", бил пронајден починат А.Г.(74), кој, според пријавата, паднал од скала. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово, при што било констатирано дека околу 12.15 часот, А.Г. се качил на дрвена скала, висока околу два метра, потпрена на бетонска бандера за да работи на објект. Скалата се излизгала, а тој паднал пред влезот од гаражата и починал. Лекар констатирал смрт без траги на насилство, а со согласност на Јавен обвинителот телото на починатиот е предадено на семејството.

На 01.07.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Центар Б.А.(69) од Скопје пријавил дека на ул.„Димче Мирчев" бил каснат од куче скитник.

Во текот 01.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се три возачи, затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, еден возач бидејќи поминал на црвено светло и 43 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 01.07.2020 во 11.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" бил донесен со влошена здравствена состојба Е.Б.(59) од Тетово, кој издржувал казна затвор во КПУ „Идризово". Од лекар била констатирана смрт без траги на насилство. По наредба на Јавен обвинителот телото на починатиот е дадено на обдукција.

На 01.07.2020 во 12.47 часот во Полициска станица Карпош било пријавено дека на ул.„Козле" во Скопје подолго време се шири непријатна мириза од куќа каде живеел Т.Т.(66) од Скопје, кој околу една недела не бил забележан од соседите. Полициски службеници излегле на местото на настанот, каде бил пронајден починат Т.Т.. Од лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинителот телото на починатиот е дадено на обдукција.

На 01.07.2020 во 09.00 часот во СВР Скопје, Б.П.(76) од с.Врешево, скопско, пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син С.П.(37) од с.Врешево. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.07.2020 во 00.10 часот, при преземање мерки против „незаконит риболов", полициски службеници од СВР Охрид, на брегот на Охридското езеро кај Пештани, пронашле четири мрежи со уловени 74 парчиња риба белвица, кои се одземени и предадени на Хидробиолошки завод Охрид. СВР Охрид презема мерки за пронаоѓање на сторителите на кривичното дело „незаконит риболов", по што против нив ќе бие поднесена соодветна пријава.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Е.Ќ.(31) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојничка кражба". На 25.06.2020 на ул.„Шар планина" во Битола, пријавениот влегол во куќа и додека пребарувал, бил затекнат од оштетената Л.Г.(70), по што ја турнал по скалите, а таа паднала и се здобила со тешки телесни повреди.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против С.С.(38) одСкопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумарење мигранти". На 11.01.2020 пријавениот, со товарно возило „фолксваген", во атарот на с.Свидовица превезувал 26 мигранти.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.А.(28) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". На 10.06.2020 во 17.40 часот пријавениот, вработен како полицаец во Полициската станица за Граничен премин „Табановце", при вршење на пасошка контрола, ѝ дозволил на А.С. влез во Р.Северна Македонија, при што не ја завел во електронски систем како патник кој влегува во Р.Северна Македонија и не побарал задолжителен ПСР тест за Ковид -19, односно не постапил согласно изречени мерки на Владата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против И.К.(49) од с.Оксили, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 20.06.2020 на ул„Пролетерски бригади" во Струга, при контрола на возила од полициски службеник од Струга, било сопрено патничко возило за сторен сообраќаен прекршок и од пријавениот биле побарани лични документи за контрола, на што тој одбил да ги даде документите за увид, го стартувал возилото и, при заминување, со возилото го удрил полицискиот службеник во ногата, нанесувајќи му повреди.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.М.(34) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекусори". На 16.02.2019 на ул.„Аџо Аџи Илов", во домот на пријавениот, бил извршен претрес од полициски службеници и биле пронајдени и одземени метамфетамин и марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Љ.(30) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела „кражба на огревно дрво", „фалсификување или уништување деловни книги" и „вршење јавен превоз без поседување лиценца", против Ј.Љ.(26) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување или уништување деловни книги" и „вршење јавен превоз без поседување лиценца", и против Е.Љ.(56) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување или уништување деловни книги". Имено, претопријавениотво својство на управител на правно лице од Скопје, откако претходно од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бил задолжен со жиг „хочан со исправници, иако знаел дека исправниците требало да ги користи за превоз и продажба на исечена дрвна маса од склад во сопственост на наведеното правно лице до краен купувач и дека истите се пополнуваат, потпишуваат и заверуваат од страна на овластеното лице на кое му бил даден кочанот со исправници согласно Законот за шуми, тој исправниците непотполнети ги заверил со печат, една од нив ја дал на второпријавениот, кој иако не е вработен во правното лице, се потпишал на место „одговорно лице". Исправницата потоа му ја дал на првопријавениот за да ја користи за свои потреби, односно да ја пополни и да врши нелегален превоз на огревно дрво бука. Првопријавениот на 19.05.2019, откако претходно прибавил огревно дрво бука, во количина од седум метри кубни со вршење бесправна сеча од туѓа шума, нежигосано го натоварил во товарно возило „мерцедес ЛП-811", сопственост на второпријавениот и ја пополнил претходно заверената исправница. Тој во неа внел невистинити податоци дека превезува огревно дрво бука во количина од 10 метри кубни, наводно обележано со жиг, со цел невистинито да прикаже дека врши легален превоз на огревно дрво. Потоа се упатил кон домот на наводниот купувач – О.М. во с.Волково, вршејќи јавен превоз на стоки - дрвни сортименти без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз на стоки во внатрешниот патен сообраќај, издадена од Министерството за транспорт и врски.

На 02.07.2020 во 02.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на ул.„Кеј Димитар Влахов", настанал пожар, при што била опожарена сува трева и заден дел на паркирано патничко возило „ауди 4", без регистарски ознаки, сопственост на Владата на Р.Македонија. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Скопје.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Х.Љ.(25) од Куманово и правно лице од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Првопријавениот, како сопственик и управител на второпријавеното правно лице, во текот на 2016, 2017 и 2018 намерно пријавил помал износ по основ на данок на добивка и по основ на данок на додадена вредност и со неприкажување на точни податоците оштетил Буџетот на Република Северна Македонија за 2016 во вкупен износ од 212.813 денари, за 2017 во вкупен износ од 668.603 денари и за 2018 во вкупен износ од 446.783 денари или вкупно 1.328.199 денари, согласно Законот за даночна постапка, Законот за управата за јавни приходи и Законот за данок на додадена вредност.

СВР Куманово, СВР Битола и СВР Штип поднесоа 10 кривични пријави против: Ј.М.(35), С.М.(48), С.А.(32) тројката од Куманово, Б.Ј.(24) од с.Липково, кумановско, И.М.(42) од Битола, М.А.(60) од Ресен, Г.Д.(31), В.Ѓ.(35), двајцата од Делчево, Н.И.(40), С.И.(49), двајцата од с.Ветрен, делчевско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, од 02.06.2020 до 01.07.2020, биле затекнати надвор од своите домови и не се придржувале кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на Р.Северна Македонија", со цел спречување на ширење на заразната болест Ковид-19 и заштита на населението.